# А Н А Л И З А

## Каква е потребата за подобрување на државните капацитети за поддршка на лицата дијагностицирани со аутизам во Југоисточниот регион на Република Северна Македонија?

**Струмица**
**22.01.2023**

**Согласно меѓусебниот склучен ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА, помеѓу Здружението на граѓани Демократски институт за општествени и политички анализи – Струмица и Спасе Додевски - специјален едукатор и рехабилитатор, со цел за утврдување на потребата од организирање нов институционален облик за поддршка на лицата со аутизам во Југоисточниот регион на Република Северна Македонија, односно зајакнување на постоечките, се реализира иницијативата на здружението, за изработка на стручна ситуациона анализа.**

Оваа анализа ќе покаже дека во Југоисточниот регион на Република Северна Македонија постои потреба за унапредување на капацитетите за рана детекција на лица со аутизам, создавање и развивање центри за лица со аутизам кои ќе ги користат научните достигнување на светско ниво и ќе обезбедат поддршка за квалитетно образование и оспособување на лицата со аутизам за професионален живот, но и кои ќе дадат квалитетна поддршка на семејствата на лицата дијагностицирани со аутизам.

Со таа цел во оваа анализа ќе се опишат состојбите утврдени од страна на Светската Здравствена Организација и Соединетите Американски Држави кои се однесуваат на рана детекција, и поддршка на лица со аутизам и нивните семејства, ќе се објаснат формите и содржина на поддршката која во моментот ја добиваат лицата дијагностицирани со аутизам во Северна Македонија и Југоисточниот регион на државата. Дополнително, ќе се направи споредба на капацитетите на институциите за поддршка на лица со аутизам кои постојат во другите региони на земјата со оние кои функционираат во Југоисточниот регион. На крај ќе се објасни законската регулатива за поддршка на лицата со попреченост.

Според Светската Здравствена Организација (СЗО) аутизмот претставува разновидна група на состојби кои се поврзани со развојот на мозокот.[1] Карактеристиките на аутизмот може да се детектираат уште во тек на раното детство. Аутизмот се карактеризира со одреден степен на потешкотија во социјална интеракција и комуникација. Други карактеристики на аутизмот се атипични однесувања и активности, како тешкотија да се премине од една во друга активност, фокусирање на детали и необични реакции при стимулирање на сетилата. Според Прирачникот за дијагностика и статистика на Американската Психијатриска Асоцијација,[2] лицата со аутизам имаат проблеми во разбирање невербална комуникација, се соочуваат со предизвици при формирање и задржување пријателски врски и имаат или премала или преголема сензитивност на сетилата. Способностите и потребите на аутистичните лица се менуваат. Додека некои луѓе со аутизам се способни да живеат самостојно, други имаат потреба од доживотна грижа и поддршка. Аутизмот влијае на способноста на лицата за образование и вработување. Во

---

[1] "Autism," World Health Organization (WHO), last modified March 30, 2022, https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/autism-spectrum-disorders.

[2] American Psychiatric Association, *Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders: DSM-5-TR*, (2022).

САД, степенот на невработеност на лица со аутизам кои завршиле високо образование изнесува околу 85%. Тоа покажува дека лицата со аутизам може долготрајно да се зависни од поддршка од нивните семејства и државни институции. Затоа нивото на поддршка на државните авторитети се клучни за обезбедување квалитетен живот на лицата со аутизам, а клучни се здравствениот сектор, образовниот сектор и секторот за труд и социјала.[3] Ваквите заклучоци на институциите на САД, укажуваат каков пристап може да има и Северна Македонија.

Воедно и раната детекција и раната интервенција се едни од најважните сегменти за обезбедување развој на лицата со аутизам во општеството. Преку нивна соодветна стручна реализација, се подобруваат состојбите во однос на персоналниот развој на лицата со аутизам, но и во однос на потребите за понатамошно делување на симптоматологијата, функционалноста, како и на потребите државата да има големи финансиски апликации заради третман.

*Мораме да кажеме дека е многу важно да се препознаат раните знаци на АСН и секаков вид на доцнење во развојот да се започне со рана интервенција. Нашиот пристап како педијатри е да направиме корелација помеѓу клиничките манифестации и биолошки основи поврзани со невроразвојните нарушување особено АСН. Главната причина се подобрите можности за лекување.*[4]

Во врска со финансиските импликации, доколку навремено се делува, зборува извештајот на Федералната банка за резерви на Минеаполис од 2003 година кој ги прикажува програмите за рана интервенција како „иницијативи за економски развој", кои треба да бидат на врвот на економските листи за локалните и државните власти. Авторите на оваа анализа покажале дека една програма дала повраток од 8 долари за секој вложен долар во рана интервенција, а 80 % од бенефитите се однесувале на општеството во целост."[5] Тоа

[3] "Autism," World Health Organization (WHO), accessed January 15, 2023, https://www.who.int/news-room/questions-and-answers/item/autism-spectrum-disorders-(asd).

4 Aneta DEMERDZIEVA, Olivera Lekovska, Biljana Chonevska-Jovanova, Natalija Angelkova, Sonja Jordanova Cacanovska, Our pediatric approach to child with developmental delay in first few years of life, 2022, The situation with neurological conditions in Macedonia: the need to introduce standards in dialysis and the condition, 2022. International Conference organized by the Macedonian Academy of Sciences and Arts - MANU and the association "In My World".

5 (Reynol-ds et al., 2001; Bernanke, 2012; Karoly et al.., 2001, Kilburn & Karoly, 2008).

укажува дека вложените пари за рана детекција и интервенција за поддршка на лицата со аутизам дава значителен бенефит за целото општество.

Детекцијата е прв и клучен дел од поддршката на лица со аутизам. Затоа во Северна Македонија е отпочнат процес на креирање систем на функционална проценка на деца и млади со попреченост, во согласност со Меѓународната класификација за функционалност, попреченост и здравје (МКФ) на СЗО.[6] Овој модел предвидува отворање девет регионални стручни тела за функционална процена и тоа: две во Скопје, како и по едно во Битола, Гостивар, Штип, Струмица, Охрид, Велес и Куманово. Регионалната распространетост на телата е со цел стручните тела да бидат поблиску до местото на живеење на самите корисници. Преку овој нов систем ќе се препорачуваат сите права (материјални и услуги) според реалната функционалност на лицето со попреченост, а не според дијагнозата. Според новиот модел на МКФ на СЗО, во стручното тело за функционална проценка во југоисточниот регион се евидентирани и проценети 16 деца со аутизам, на возраст од 6-12 годишна возраст. Сите овие деца се вклучени во редовниот образовен процес. Бидејќи овој систем тукуштo започнал да функционира, ќе биде потребен извесен временски период да се добијат објективни податоци за реалниот процент на лица со аутизам во Северна Македонија.

Во 2021 година, Центарот за контрола на болести и превенција на САД објавил дека според истражување направено во САД, аутизмот е утврден кај едно од 44 тестирани деца, што било удвојување во бројот на детектирани во 2004 година кога бил утврден аутизам кај едно од 125 тестирани деца. Како бариери за рано детектирање биле утврдени постоењето стигма, недостаток на здравствени услуги, јазични бариери и лоша финансиска состојба на семејствата. Исто така, било утврдено дека за околу 4 пати бил поголем бројот на машки деца со утврден аутизам во однос на женските деца. Веројатна причина за тоа било тоа што девојчињата можело да не ги прикажуваат карактеристиките на аутизам на ист начин како и момчињата поради што потешко биле дијагностицирани. Паралелно, во Северна Македонија, преку податоците добиени со методот на анализа и обработка на медицински досиеја од картотеката при ЗМЗ „Младост“- Скопје, најголемата институција за категоризација и проценка на деца со секаков вид попреченост, се докажува дека: “бројот на деца со АСН расте од година во година, а процентуалната застапеност е поголема кај

[6] Меѓународната класификација за функционалност, попреченост и здравје (МКФ) на Светската здравствена организација, https://www.unicef.org/northmacedonia/media/3881/file/MK_ICF_Report_MK.pdf.

машките деца, (6:1) во однос на женските деца и дека бројот на дијагностицирани деца до 4 год. возраста се зголемува што е исклучително важно за вклучување на децата во рана возраст во третман за максимално искористување на нивните капацитети. Дополнително, било заклучено дека е потребно континуирано следење на психомоторниот и менталниот развој, како и психоедукација на родителите и сите чинители во општеството[7]. Процените на лица со аутизам утврдени во САД може да се искористат да се процени можната реална бројка на лица со аутизам во Југоисточниот регион, а на основа на тоа да се планира обемот на поддршка која треба да се пружи на долг рок. Исто така, потребно е да се усоврши процесот на детекција за да се обезбеди навремена детекција кај женската популација.

Според последниот Попис на населението во Република Северна Македонија од 2021 година[8], во Југоисточниот регион на државата живеат **172.331** лица (Струмица-57.251, Радовиш-28.995, Конче-3.533, Василево-12.958, Босилово-13.834, Ново Село-10.418, Дојран-3.258, Валандово-11.597, Богданци-7.993, Гевгелија-22.494). Според процентите на лица со аутизам детектирани во САД можна бројка на лица со аутизам во Југоисточниот регион е над 3400 лица, а според статистиката на СЗО оваа бројка би била околу 1.700 лица[9]. Овие статистички можности укажуваат дека веројатно е потребна значителна инвестиција да се подобри рана детекцијата на лица со аутизам, но и поддршка за нивно образование и оспособување за професионален живот после завршување на образованието.

Друг клучен елемент после детекцијата е процесот на образование на лицата со аутизам. Законот за основно образование[10] од 2019 година и Концепцијата за инклузивно

---

7 Biljana A. Eftimova, Zdenka Stamenova and the expert team of Institute for Mental Health of Children and Youth "Mladost" Skopje,„ *Epidemiological study on the situation with autism in RN Macedonia diagnosed in ZMZ "Mladost" Skopje",2022, The situation with neurological conditions in Macedonia: the need to introduce standards in dialysis and the condition, 2022. International Conference organized by the Macedonian Academy of Sciences and Arts - MANU and the association "In My World"*

[8] Попис 2021, accessed January 22, 2023, https://popis2021.stat.gov.mk.

[9] "Autism," World Health Organization (WHO), last modified March 30, 2022, https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/autism-spectrum-disorders.

[10] ЈП Службен Весник на РСМ - Почетна, accessed January 22, 2023, https://www.slvesnik.com.mk/Issues/dc070a58a138483aa68da4517a10 ЈП Службен Весник на РСМ - Почетна, accessed January 22, 2023, https://www.slvesnik.com.mk/Issues/dc070a58a138483aa68da4517a10.

образование [11] од 2020 година донесоа промени во вклучувањето на сите деца во образовниот систем. Согласно Законот за основно образование од 2019 година, посебните основни училишта се трансформираа во основни училишта со ресурсен центар, а посебните паралелки во Центри за поддршка на учењето, со цел обезбедување на квалитетно образование за сите ученици со попреченост. Ресурсите кои ги поседуваат овие училишта, заедно со експертизата и искуството на професионалците, се достапни да им ја понудат потребната помош и поддршка на учениците, родителите и наставниците. За прв пат во учебната 2020/2021 година, согласно Законот за основно образование, е предвидена услугата за образовна асистенција за учениците со попреченост преку ресурсните центри и работно ангажирање на образовни асистенти. Министерството за образование и наука има одвоено буџетски средства за 500 образовни асистенти за ученици со попреченост во основните редовни училишта, по препорака од стручните тела за функционална проценка. За учебната 2022/2023 година, бројот на образовни асистенти е предвидено да се зголеми за 225, со што вкупниот број би изнесувал 725. Овие промени создаваат услови за флексибилност на образовниот процес за аутистични лица, но само доколку асистентите се обучени и добиваат континуирана поддршка и усовршување.

Институционалната образовна поддршка преку основни училишта со ресурсен центар и Центри за поддршка во учењето на ученици со попреченост во редовното образование во југоисточниот регион се состои од едно основно училиште со ресурсен центар-Ново Село и еден Центар за поддршка во учењето на ученици со попреченост во редовното образование-Струмица. Со новиот Закон за основно образование од 2019 година, заради поголема и квалитетна поддршка на инклузивното образование дотогашните посебни училишта за основно образование на ученици со попреченост (вкупно 5 во државата), кои во минатото имале улога само за образование на ученици со попреченост според посебни адаптирани програми, се трансформирани во основни училишта со ресурсни центри. Новата улога на овие училишта/ресурсни центри е преку зајакнување на нивните капацитети (кадар, повеќе видови на стручна поддршка, методолошки пристап и друго) да обезбедат поддршка како на учениците со попреченост во редовниот систем и на редовните училишта во рамки на регионите за кои се надлежни. Така во југоисточниот регион, посебното основно училиште „Св. Климент Охридски“-Ново Село, е трансформирано во основно училиште со ресурсен центар кој вработува потребен број на

[11] "Концепција за инклузивно образование," Министерство за образование и наука, accessed January 22, 2023, https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20za%20inkluzivno.pdf.

образовни асистенти кои даваат поддршка на лицата со попреченост во редовното образование во училиштата во југоисточниот регион.

Центрите за поддршка во учењето на ученици со попреченост во редовно образование се всушност поранешните посебни паралелки за образование на ученици со попреченост (за конкретен вид попреченост), при редовните основни училишта (вкупно 23 во државата). Во нив порано се реализирала настава за ученици со попреченост од општините или поблиската општинска околина каде биле регистрирани, според специјализирани наставни програми. После законските измени, овие паралелки при редовните основни училишта се трансформирани во Центри за поддршка на сите ученици со попреченост кои посетуваат инклузивно образование во редовните основни училишта, а во рамки на општините каде се регистрирани. Така поранешните први паралелки во државата за образование на ученици со аутизам при Основното општинско училиште „Сандо Масев"-Струмица се трансформирани во Центар за поддршка во образованието на ученици со попреченост во редовното образование на ниво на општина Струмица.

Институционалната поддршка во Центри за дневен престој од делот на социјалната заштита на лицата/децата со попреченост/аутизам во југоисточниот регион се остварува преку три Центри за дневен престој (Струмица, Валандово и Гевгелија) со вкупно 45 корисници. Во Центарот за дневен престој во Струмица (14 корисници - 2 стручни и 2 технички лица), Гевгелија (18 корисници – 1 стручно и 3 технички лица) и Валандово (13 корисници - 3 стручни и 1 техничко лице). Со услугата за дневен престој се обезбедува дневно згрижување, исхрана одржување лична хигиена, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, воспитни, социјални, културни и рекреативни активности, превентивни активности, советување, едукација, образовна поддршка, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности, во зависност од потребите на корисниците. Во центрите за дневен престој се обезбедуваат услуги за најмногу 24 корисници со попреченост во еден објект, со што се овозможува грижа, можност за спроведување на индивидуален пристап и третмани, групна работа, од страна на специјални едукатори и рехабилитатори, логопеди, психолози, физиотерапевти и други профили. Овие центри овозможуваат поддршка на лица со аутизам од социјално ранливи семејство, но истите не се специјализирани за лица со аутизам.

Иако во Северна Македонија има повеќе специјализирани центри за лица со аутизам, во Југоисточниот регион нема центри за дневен престој или рехабилитациони центри

наменети исклучиво за деца/лица со аутизам. Прв центар за лица со аутизам во Република Северна Македонија е отворен во Скопје во 2014 година. Во постоечкиот центар во Скопје се работи со деца, за нивна подготовка за училиште и за олеснување на секојдневните активности и социјалниот живот, преку терапиите како сензорна интеграција, музикотерапија, Picture Exchange Communication System (PECS), Treatment and Education of Autistic and related Communications Handicapped Children (TEACCH), психо-моторна реедукација. Покрај работата со децата, клинички психолози во советувалиштето за родители во Скопје работат и со семејствата на децата со аутизам. Во 2015 година втор центар за лица со аутизам во Северна Македонија е отворен во градот Штип, меѓутоа во медиумите ова отварање било пропратено со критика во однос на квалитетот на подготовка на персоналот и опременоста на истиот.[12] Во 2019 година, во Охрид биле отворени два центри, во рамките на Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо" и во Општата болница во Охрид, наменети за рехабилитација, едукација и сензорна интеграција, наменети за ран третман на деца и на лица со аутизам, АДХД и Аспергеров синдром. Регионалниот центар, во општата болница во Охрид е наменет за деца од Охрид, Кичево, Струга, Дебар и Ресен.[13] Во 2022 година центар за деца со аутизам е отворен и во Гостивар, а во истиот преку донација истиот бил опремен со специјална трака за терапија и други справи за сензорна интеграција .[14] Следствено, Југоисточниот регион заостанува во однос на останатите региони на државата во постоење центри за деца со аутизам. Исто така критиките при отварањето на центарот во Штип укажува дека центрите треба да располагаат со стручен кадар и модерна опрема, за истите да бидат прифатени од родителите на деца со аутизам и да бидат ефективни во нивната работа.

Лицата со аутизам имаат потенцијал за успешна професионална кариера. Во САД се прават напори за идентификување на силните страни на лицата со аутизам како работна сила за одредени работни места,. На пример д-р Lawrance Fung, од Универзитетот Стенфорд

[12] "Центар за аутизам во Штип или само центар за згрижување на децата," Радио Мрежа Канал 77 - Магија во Етерот, last modified December 28, 2018, https://kanal77.mk

[13] "Нов центар за ран третман на деца со аутизам, АДХД и Аспергеров синдром," ВОА, last modified December 4, 2019, https://mk.voanews.com/a/new-center-north-macedonia/5192456.html.

[14] "Лукаревска во посета на Центарот за аутизам во Гостивар, даночниците донираа опрема," Gostivarpress.mk | Вести за оние што читаат!, last modified December 2, 2022, https://gostivarpress.mk/lukarevska-vo-poseta-na-czentarot-za-autizam-vo-gostivar-danochniczite-doniraa-oprema/.

идентификувал дека силни страни на лицата со аутизам се постојаност, посветеност на детали, лојалност, чесност и друго.[15] Исто така, клучно е работодавците да знаат како да создадат работна средина која е „пријателска“ за лица со аутизам, т.е. каде ќе нема силни сензорни дразби. Значителен предизвик за работодавците е менаџирање со карактеристики на лица со аутизам како опсесивно-компулсивно однесување, анксиозност и друго. Оттука може да се заклучи дека интеграцијата на лицата со аутизам во работната сила на земјата ќе побарува подобро сфаќање на аутизмот од државните институции и приватните работодавци, т.е. дека ќе биде потребно да се вложи напор во идентификување на најдобрите начини како лицата со аутизам после завршеното образование да имаат можност за професионална кариера, а со тоа и самостоен живот без или со минимална поддршка од нивните семејства и државните институции.

Северна Македонија со Уредба за правата на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање[16] овозможи бесплатно право на студирање на сите студенти со попреченост, со што им се дава полесна можност за вклучување во образовниот систем. Но сепак сеуште треба да се вложува во наставата и средствата за учење на бидат пристапни како и со универзален дизајн, а понатака и да се обврзе на асистивна професионална ориентација и оспособување како и вклучување на пазарот на трудот на еднаква основа. Од ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во 2011 година[17], земјата направи неколку значајни чекори кон поинклузивно општество со кои се обврзува сите лицата со попреченост во рамки на националниот систем да можат максимално да ги остварат своите човекови права, во рамки на препораките од Конвенцијата. Согласно член 33 од Конвенцијата, во Република Северна Македонија е создадена национална инфраструктура за спроведување и мониторинг на правата на лицата со попреченост која се состои од Национално координативно тело за спроведување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост при Владата на

[15] Michael Bernick, "The state of autism employment in 2021," Forbes, accessed January 22, 2023, https://www.forbes.com/sites/michaelbernick/2021/01/12/the-state-of-autism-employment-in-2021/?sh=19085df759a4.

[16] "Влада на Република Северна Македонија: Лицата со попреченост се ослободени од партиципација за студирање," Влада на Република Северна Македонија, last modified March 18, 2022, https://vlada.mk/node/28147?ln=mk.

[17] Влада на Република Северна Македонија, accessed January 22, 2023, https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/zakon_za_ratifikacija_konvencija.pdf.

Република Северна Македонија.[18] Во ова тело членуваат претставници од кабинетот на премиерот и сите министерства, чија цел е да ги имплементираат препораките од Конвенцијата преку носење соодветни законски акти. Другиот механизам е Тимот за мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата на ОН, во рамки на Одделот за заштита на правата на децата и лицата со попреченост во Канцеларијата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, а во кој членуваат претставници од граѓанскиот сектор на лицата до попреченост заради мониторинг на спроведувањето од страна на првиот механизам. Во тек е изготвувањето на новата Национална стратегија за лица со попреченост 2023-2030[19], преку партиципативен процес од повеќе институции како и невладини организации на/за лица со попреченост. Овој документ ќе биде клучен во курикулумот на секоја извршна институција за реализација на активностите и мерките од истиот. Со преземањето на овие основни чекори во следниот период ќе се создадат подобри услови за значително унапредување на правата на лицата со попреченост во државата.

Како генерален заклучок на оваа анализа може да се констатира дека соодветната стручна детекција и раната интервенција се клучни фактори за понатамошниот развој на самите лица со аутизам, за потребите и формите од формирање институционална поддршка во иднина, социјалното учество и придонес на овие лица во општеството, како и на обемот на финансиски импликации заради аутизмот како појава во општеството. Неопходно е државата што побргу да направи национален дигитален регистар за податоци за лица со попреченост заради креирање на понатамошните политики. Кадрите (примарната општа медицина, неонатологија и педијатрија, развојните советувалишта, стручните служби во училиштата и во градинките и др.) е потребно да ги унапредат своите капацитети за рана детекција на аутизмот, според однапред национално прифатени унифицирани инструменти за детекција. Поради формата на општа образовна и главно социјална улога која ја имаат дневните центри во државата ( во Југоисточниот регион постојат само 3), потребно е во секој регион да има по еден современ, високо технолошки и методолошки организиран рехабилитационен центар за деца и лица со аутизам, во кој ќе работат високо компетентни

[18] "Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија," Влада на Република Северна Македонија, last modified December 6, 2022, https://vlada.mk/KoordinativnoTelo/PravaNaLicaSoPoprechenost.

[19] Македонска Радио Телевизија, "Средба на Пендаровски со претставници на ГИЗ и фокус групата за новата Национална за права на лицата со попреченост," Македонска Радио телевизија, accessed January 22, 2023, https://mrt.com.mk/node/80260.

и според последните научно-практични тенденции, обучени лица. Би било исклучително корисно доколку постоечките дневни центри и центри за деца за аутизам се развијат, реорганизираат (во групи според возраст и ниво на функционалност) и им се обезбеди да располагаат со соодветни методолошки пристапи и компетенции. Развој на системот на поддршка на лица со аутизам во наведените научно-стручни насоки, во рамките на постоечките националните реформи, ќе овозможи исполнување на клучната цел за децата/ лицата со аутизам, како и за секое лице со попреченост – сигурна и највисоко можна функционална инклузија во општеството.

*Специјален рехабилитатор и едукатор*
Спасе Додевски

# Библиографија


American Psychiatric Association. *Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders: DSM-5-TR*. 2022.

*Autism Rates by Country 2023*. n.d. https://worldpopulationreview.com/country-rankings/autism-rates-by-country.

"Autism." World Health Organization (WHO). Last modified March 30, 2022. https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/autism-spectrum-disorders.

"Autism." World Health Organization (WHO). Accessed January 15, 2023. https://www.who.int/news-room/questions-and-answers/item/autism-spectrum-disorders-(asd).

Bernick, Michael. "The state of autism employment in 2021." Forbes. Accessed January 22, 2023. https://www.forbes.com/sites/michaelbernick/2021/01/12/the-state-of-autism-employment-in-2021/?sh=19085df759a4.

Forbes. Accessed January 15, 2023. https://www.forbes.com/sites/michaelbernick/2021/01/12/the-state-of-autism-employment-in-2021/?sh=5b4e654959a4.

"“Learn the Signs. Act Early.” Has FREE Child Development Tools." Centers for Disease Control and Prevention. Last modified September 28, 2022. https://www.cdc.gov/ncbddd/actearly/index.html.

"Screening & Diagnosis." Autism Society. Last modified February 15, 2022. https://autismsociety.org/screening-diagnosis/.

"Влада на Република Северна Македонија: Лицата со попреченост се ослободени од партиципација за студирање." Влада на Република Северна Македонија. Last modified March 18, 2022. https://vlada.mk/node/28147?ln=mk.

"Влада на Република Северна Македонија: Лицата со попреченост се ослободени од партиципација за студирање." Влада на Република Северна Македонија. Last modified March 18, 2022. https://vlada.mk/node/28147?ln=mk.

Влада на Република Северна Македонија. Accessed January 22, 2023. https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/zakon_za_ratifikacija_konvencija.pdf.

"Концепција за инклузивно образование." Министерство за образование и наука. Accessed January 22, 2023. https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20za%20inkluzivno.pdf.

Македонска Радио Телевизија. "Средба на Пендаровски со претставници на ГИЗ и фокус групата за новата Национална за права на лицата со попреченост." Македонска Радио телевизија. Accessed January 22, 2023. https://mrt.com.mk/node/80260.

Министерство за образование и наука. Accessed January 22, 2023. https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20za%20inkluzivno.pdf.

"Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија." Влада на Република Северна Македонија. Last modified December 6, 2022. https://vlada.mk/KoordinativnoTelo/PravaNaLicaSoPoprechenost.

Попис 2021. Accessed January 22, 2023. https://popis2021.stat.gov.mk.

ЈП Службен Весник на РСМ - Почетна. Accessed January 22, 2023. https://www.slvesnik.com.mk/Issues/dc070a58a138483aa68da4517a10ac1e.pdf.

"Во Гостивар во септември ќе се отвори нов Центар за деца со аутизам." МИА. Last modified January 15, 2023. https://mia.mk/vo-gostivar-vo-septemvri-e-se-otvori-nov-centar-za-deca-so-autizam/.

"Лукаревска во посета на Центарот за аутизам во Гостивар, даночниците донираа опрема." Gostivarpress.mk | Вести за оние што читаат!. Last modified December 2, 2022. https://gostivarpress.mk/lukarevska-vo-poseta-na-czentarot-za-autizam-vo-gostivar-danochniczite-doniraa-oprema/.

"Нов центар за ран третман на деца со аутизам, АДХД и Аспергеров синдром." ВОА. Last modified December 4, 2019. https://mk.voanews.com/a/new-center-north-macedonia/5192456.html.

"Центар за аутизам во Штип или само центар за згрижување на децата." Радио Мрежа Канал 77 - Магија во Етерот. Last modified December 28, 2018. https://kanal77.mk.